WELDED STEEL PIPE AND SECTION WORKS
11 OKTOMVRI AD
KUMANOVO, R. MACEDONIA
License No.5L-017
Account No: 300090000003087 Komercijalna Banka A.D. Skopje
Tax identification number: MK4017991106167

До
Медиумите во Република Македонија

Почитувани,

Во врска со денешното јавно изразување на незадоволство од страна на мал дел од вработените во ФЗЦ 11 Октомври Куманово, во интерес на запознавање на јавноста со вистинската фактичка состојба, Ве известуваме за следното:

ФЗЦ 11 Октомври Куманово НЕ ОТПУШТА вработени и НЕ ЈА НАМАЛУВА платата на ниту еден вработен. Од вкупно 597 вработени, помалку од 124 вработени или 20% од вкупниот број на вработени не сакаат да продолжат со работа бидејќи бараат покачување на платата за 20%. Нивното неосновано образложение за покачување на нивната плата е поради неодамнешното покачување на минималната плата во Република Македонија, иако нивната плата е повисока од минималната плата.

Целата работа е иницирана од страна на поединци од фабричкиот синдикат, кои не сакаат да ја разберат тешката ситуација на ФЗЦ 11 Октомври Куманово која произлегува како резултат на неодмнешното покачување на цената на репроматеријалите за повеќе од 50% од една страна и ниската цена на готовите производи од друга страна. Дополнително на сето ова, немаа разбирање и за нашето укажување за потенцијалната голема опасност за воведување на царински давачки од страна на Европската Унија за производите на фабриката, која опасност за жал се реализира со Одлука на Европската Комисија на Европската Унија со која се воведуваат дополнителни 25% царински давачки на производите на ФЗЦ 11 Октомври Куманово и која Одлука стапува на сила токму денес.

Се надеваме дека ќе изнајдеме решение за сите проблеми со кои се соочуваме и апелираме до сите вработени кои сакаат работат, да се вратат на своите работни места и да продолжат со работа.

Со почит,

Фабрика за заварни цевки 11 Октомври Куманово

11-ti Noemvri Street, No.87A, Kumanovo, 1300, Republic of Macedonia: Phone: +389 (0) 31 423 456, Fax: +389(0) 31 423 214
arhiva@fzc11oktomvri.com.mk, toni@fzc11oktomvri.com.mk